Заради спроведување на постапката за доделување на концесиите на рибите за вршење на стопански риболов, Владата на Република Северна Македонија на предлог на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство формира Комисија за спроведување на постапката во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Комисијата од став 2 на овој член ја подготвува тендерската документација, јавниот повик вклучувајќи го и нацртот на договорот.

Тендерската документација на предлог на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство се доставува за одобрување до Владата на Република Северна Македонија во рок од 30 дена од формирањето на комисијата од став 2 на овој член.

По одобрување на тендерската документација за доделување концесија на рибите за вршење на стопански риболов, Комисијата од став 2 на овој член во рок од десет дена ќе го објави јавниот повик согласно Законот за рибарство и аквакултура.

Член 5

Висината на надоместокот за издавање на тендерската документација ќе изнесува 500,00 денари.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-12489/1-20 Претседател на Владата
19 јануари 2021 година на Република Северна Македонија,
Скопје **Зоран Заев,** с.р.

**239.**

Врз основа на член 38 ставови 3 и 4 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 19 јануари 2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ЗАКУП НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ СО НЕПОСРЕДНА СПОГОДБА**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Ристе Златевски, ул.Словенска бр.38, Кавадарци со вкупна површина од 9ха 99ари 53м2 на земјоделско земјиште под долгогодишен насад кое се наоѓа на КП бр.424, место викано 15 Квартал, култура нива, класа 5, површина 3005 м2, КП бр.425, место викано 1К Квартал, култура нива, класа 5, површина 4235 м2, КП бр.426, место викано 16 Квартал, култура нива, класа 5, површина 4399 м2, КП бр.427, место викано 15 Квартал, култура нива, класа 4, површина 4216 м2, КП бр.428, место викано 15 Квартал, култура нива, класа 4, површина 3597 м2, КП бр.429, место викано 1К Квартал, култура нива, класа 4, површина 3412 м2, КП бр.430, место викано 15 Квартал, култура лозје, класа 4, површина 3594м2, КП бр.431/1, место викано 15 Квартал, култура нива, класа 4, површина 1705 м2, КП бр.432, место викано 15 Квартал, култура нива, класа 4, површина 2926 м2, КП бр.433, место викано 15 Квартал, култура нива, класа 4, површина 2823 м2, КП бр.434, место викано 15 Квартал, култура нива, класа 4, површина 1600 м2, КП бр.435, место викано 15 Квартал, култура нива, класа 5, површина 5753 м2, КП бр.436, место викано 15 Квартал, култура нива, класа 5, површина 3762 м2, КП бр.437, место викано 15 Квартал, култура нива, класа 5, површина 3557 м2, КП бр.438, место викано 15 Квартал, култура нива, класа 4, површина 5992 м2, КП бр.439, место викано 15 Квартал, култура нива, класа 4, површина 3712 м2, КП бр.440, место викано 1 Квартал, култура нива, класа 5, површина 4800 м2, КП бр.441, место викано 15 Квартал, култура нива, класа 5, површина 4583 м2, КП бр.442, место викано 15 Квартал, култура нива, класа 4, површина 7670 м2, КП бр.444, место викано 1 Квартал, култура нива, класа 4, површина 11609 м2, КП бр.445/1, место викано 15 Квартал, култура нива, класа 4, површина 6935 м2 и КП бр.445/1, место викано 15 Квартал, култура нива, класа 5, површина 6068 м2, запишани во Имотен лист бр.154 за КО Крушевица во сопственост на Република Северна Македонија.

Член 2

Договорот за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба од член 1 од оваа одлука ќе го потпише министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 3

Договорот за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба од член 1 од оваа одлука се склучува во времетраење до 10.05.2041 година.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот од објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-12651/1-20 Претседател на Владата
19 јануари 2021 година на Република Северна Македонија,
Скопје **Зоран Заев,** с.р.

**240.**

Врз основа на член 28 став 2 од Законот за иновациската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/13, 137/13, 41/14, 44/15, 6/16, 53/16, 190/16 и 64/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ФОНДОТ ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ ЗА 2021 ГОДИНА**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Годишната програма за работа на Фондот за иновации и технолошки развој за 2021 година, бр. 02-2367/6 од 22.12.2020 година, донесена од Управниот одбор на Фондот за иновации и технолошки развој, на седницата, одржана на 22.12.2020 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-12662/1-20 Претседател на Владата
16 јануари 2021 година на Република Северна Македонија,
Скопје **Зоран Заев,** с.р.

**241.**

Врз основа на член 28 став 2 од Законот за иновациската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/13, 137/13, 41/14, 44/15, 6/16, 53/16, 190/16 и 64/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2021 година, донесе

**О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНИОТ ФИНАНСИСКИ ПЛАН НА ФОНДОТ ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ ЗА 2021 ГОДИНА**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Годишниот финансиски план на Фондот за иновации и технолошки развој за 2021 година, бр. 02-747/4 од 15.1.2021 година, донесен од Управниот одбор на Фондот за иновации и технолошки развој, на седницата, одржана на 15.1.2021 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-12662/2-20 Претседател на Владата
16 јануари 2021 година на Република Северна Македонија,
Скопје **Зоран Заев,** с.р.

**242.**

Врз основа на член 44 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19 и 275/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 19 јануари 2021 година, донесе

**О Д Л У К А
ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА ЗДРАВСТВЕН ДОМ КУМАНОВО**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за здравство му престанува користењето на движните ствари, и тоа:

1. Вид: Патничко моторно возило,
Марка: Форд ,
Тип: Фиеста,
Број на шасија: WFOHXXGAJH6L3294,
Број на мотор: F6JB/6L32947,
Година на производство: 2006,
Сила на мотор: 50 kW,
Работна зафатнина на мотор: 1399 cm3,
Боја на каросерија: Бела/01
Регистарска ознака: SK 179 OS

2. Вид: Патничко моторно возило,
Марка: ЛАНД РОВЕР,
Тип: Discovery 2.5 TDI,
Број на шасија: SALLJGMF8W763997,
Број на мотор: 218968,
Година на производство: 1997,
Сила на мотор: 83 kW,
Работна зафатнина на мотор: 2495 cm3,
Боја на каросерија: Бела / 01
Регистарска ознака: SK 828 NL

3. Вид: Патничко моторно возило,
Марка: BMW,
Тип: 525 TDS,
Број на шасија: WBADF71060BS376792,
Број на мотор: 29018746,
Година на производство: 1997,
Сила на мотор: 105 kW,
Работна зафатнина на мотор: 2497 cm3,
Боја на каросерија: Зелена/38
Регистарска ознака: SK 9848 AK

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука, се даваат на трајно користење без надомест на Јавната здравствена установа Здравствен дом Куманово.

Член 3

Министерот за здравство склучува договор со директорот на Јавната здравствена установа Здравствен дом Куманово, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-12792/1-20 Претседател на Владата
19 јануари 2021 година на Република Северна Македонија,
Скопје **Зоран Заев,** с.р.

**243.**

Врз основа на член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), а во врска со член 2 став 1 од Одлуката за образување на Национална комисија за мало и лесно оружје („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.177/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 19 јануари 2021 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ, НАЦИОНАЛНО КОНТАКТ ЛИЦЕ, ЧЛЕНОВИ И СЕКРЕТАР НА НАЦИОНАЛНАТА КОМИСИЈА ЗА МАЛО И ЛЕСНО ОРУЖЈЕ**

1. Во Решението за именување претседател, национално контакт лице, членови и секретар на Националната комисија за мало и лесно оружје („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.181/19), во точка 1 алинејата 1 се менува и гласи:

„- Ариф Асани – заменик на директорот на Биро за јавна безбедност во Министерството за внатрешни работи - претседател;“

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-12669/1-20 Претседател на Владата
19 јануари 2021 година на Република Северна Македонија,
Скопје **Зоран Заев,** с.р.

**244.**

Врз основа на член 31 став 3 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 307/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 19 јануари 2021 година, донесе

## П Р О Г Р А М А ЗА ВОДОСТОПАНСТВО ЗА 2021 ГОДИНА

I

Со оваа програма, согласно Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 307/20), согласно раздел 14001, програма 6-Водостопанаство, потпрограма 60-Водостопанство, категорија 48-капитални расходи, ставка 482–други градежни објекти, се утврдуваат намените за користење на средствата за реализирани работи во 2021 година во вкупен износ од 916.000.000,00 денари.

II

Средствата од дел I од оваа програма во износ од 916.000.000,00 денари се распоредуваат за:

| Ред.бр. | Мерка | Износ на средства (во денари) |
|---|---|---|
| 1 | Изградба, реконструкција, набавка и одржување на основните водостопански објекти за наводнување и надзор над изведбата | 321.290.000,00 |
| 2 | Изготвување елаборати, студии и техничка документација за реконструкција и рехабилитација на инфраструктурата во системите за наводнување | 38.385.000,00 |
| 3 | Обврски по започнати и недовршени работи по веќе склучени договори од претходните години за изградба на Брана Конско, за изградба на Брана Речани со придружни објекти и за изградба на Главен довод од ХС Равен - Речица | 556.325.000,00 |
| | Вкупен износ на средства (во денари) | 916.000.000,00 |

III

Реализацијата на средствата од дел II од оваа програма во износ од 846.700.000,00 денари ќе ја врши Управата за водостопанство, и тоа за:

- изградба, реконструкција и одржување на основните водостопански објекти за наводнување и надзор над изведбата предвидени се средства во износ од 251.990.000,00 денари,
- изготвување елаборати, студии и техничка документација за реконструкција и рехабилитација на инфраструктурата во системите за наводнување предвидени се средства во износ од 38.385.000,00 денари и
- обврски по започнати и недовршени работи по веќе склучени договори од претходните години за изградба на Брана Конско, за изградба на Брана Речани со придружни објекти и за изградба на Главен довод од ХС Равен - Речица предвидени се средства во износ од 556.325.000,00 денари.

IV

Реализацијата на средствата од дел II мерка 1 од оваа програма во износ од 69.300.000,00 денари ќе ја врши АД Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост, Скопје за изградба, реконструкција, набавка и одржување на основните водостопански објекти за наводнување и надзор над изведбата и тоа за:

- набавка и монтажа на цевки и фасонски делови на дел од главниот цевовод за наводнување од ХМС Малешевско Беровско Поле во должина од 2,5 км (стационажа 4+938,90 до 7+482,23),
- набавка на резервни делови за АД Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост, Скопје,
- набавка на механизација за АД Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост, Скопје,
- надзор на санација и рехабилитација на брзотокот на преливниот орган на брана Петрашевец – Делчево,
- санација и рехабилитација на преливниот орган на брана Петрашевец–Делчево и
- изградба на системи за наводнување-Чардаклија.

V

За реализација на средствата од мерките 1 и 2 утврдени во дел II од оваа програма ќе биде спроведена тендерска постапка согласно Законот за јавните набавки.

VI

Плаќањето на средствата за реализација на мерките од дел II од оваа програма ќе се врши врз основа на решение од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство кон кое ќе биде доставена документација од различни ситуации со фактури за прикажаните извршени работи или услуги потврдени од страна на надзорниот орган или ревидентот.

VII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 40-682/1
19 јануари 2021 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**245.**

Врз основа на член 43 став 3 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 307/20), а во врска со член 16 став (7) од Законот за игри на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16 и 178/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 19 јануари 2021 година, донесе

## П Р О Г Р А М А ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВА ОД ИГРИ НА СРЕЌА И ЗАБАВНИТЕ ИГРИ ЗА 2021 ГОДИНА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА НАЦИОНАЛНИТЕ СПОРТСКИ ФЕДЕРАЦИИ И ПРОЕКТИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА МЛАДИ И СПОРТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА СПОРТОТ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

I. Со оваа програма Агенцијата за млади и спорт ќе партиципира во реализација на приоритетите кои произлегуваат од Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година. Средствата ќе се насочат за реализација на приоритетни програми со кои се остварува јавниот интерес на државата утврден во член 22 став 2 од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 98/19 и 244/19), при што определба е одржување и модернизација на националниот систем на натпревари, поддршка на националните спортски федерации и реализација на проекти на Агенцијата за млади и спорт.

Средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година во износ од 50.000.000,00 денари, во раздел 161.01–Агенцијата за млади и спорт се определува да се користат за:

I–а Раздел 161.01–Агенција за млади и спорт

Програма 2

Потпрограма 20–спорт

Ставка 463–Трансфер до невладини организации

| Реден број | Опис | Износ во денари |
|---|---|---|
| 1. | Партиципација за финансирање на националните спортски федерации заради обезбедување нивна функционалност, работа на органите и телата на федерациите и функционирање на националниот спортски систем | 10.500.000,00 |
| 2. | Партиципација за финансирање на младински рангирани клубови учесници во националниот спортски систем организиран од националните спортски федерации | 19.000.000,00 |
| 3. | Партиципација за финансирање на стручната работа во младинските рангирани клубови, учесници во националниот спортски систем, организиран од националните спортски федерации | 3.000.000,00 |
| 4. | Партиципација за финансирање на програми на националните спортски федерации за борбата против допингот во спортот | 1.500.000,00 |
| 5. | Партиципација за финансирање на Проектот - млади спортски надежи, селекција, рана спортска специјализација и двојна кариера на млади спортисти | 7.000.000,00 |
| 6. | Партиципација за финансирање на проекти на националните спортски федерации за поддршка на жената во спортот, родова еднаквост во сите сфери на функционирање на спортот | 3.500.000,00 |
| 7. | Партиципација за финансирање на проекти за поддршка на спортот на лица со пречки во развојот и посебни потреби | 2.500.000,00 |
| 8. | Партиципација за поддршка на националните спортски федерации за набавка на опрема за екипи, репрезентации и поединци за учество на европски и регионални првенства | 3.000.000,00 |
| | **Вкупно:** | **50.000.000,00** |

1. Партиципација за финансирање на националните спортски федерации заради обезбедување нивна функционалност, работа на органите и телата на федерациите и функционирање на националниот спортски систем. Средствата се наменети за партиципација за поддршка на функција на органите и телата на федерациите и основите на организација на националниот спортски систем во Република Северна Македонија, за што се утврдени средства во износ од 10.500.000,00 денари.

2. Партиципација за финансирање на младинските рангирани клубови учесници во националниот спортски систем, организиран од националните спортски федерации. Средствата се наменети за обезбедување, одржлив спортски систем на натпревари со кои се очекува квантитативен и квалитативен прогрес, како и континуирани тренажни и натпреварувачки активности на младите од најрана возраст до сениорски категории во машка и женска конкуренција во Република Северна Македонија, за што се утврдени средства во износ од 19.000.000,00 денари.

3. Партиципација за финансирање на стручната работа во младинските рангирани клубови, учесници во националниот спортски систем, организиран од националните спортски федерации. Средствата се наменети за стручните лица активни во младинските рангирани клубови во националните спортски федерации за партиципација во финансирање на стручната работа при реализација на програмските активности, за што се утврдени средства во износ од 3.000.000,00 денари.

4. Партиципација за финансирање на програми на националните спортски федерации за борбата против допингот во спортот. Средствата се наменети за спроведување допинг контроли и управување со резултатите од извршените допинг контроли, како и за исполнување на обврските утврдени во меѓународните конвенции за борба против допингот во спортот за што се утврдени средства во износ од 1.500.000,00 денари.

5. Партиципација за финансирање на Проектот-млади спортски надежи, селекција, рана спортска специјализација и двојна кариера на млади спортисти, за што се утврдени средства во износ од 7.000.000,00 денари.

6. Партиципација за финансирање на проекти на националните спортски федерации за поддршка на учеството на жената во спортот. Федерациите кои добиваат финансиски средства од државниот буџет треба да обезбедат родова еднаквост, функционирање на машки и женски спорт, односно машки и женски спортски клубови и/или репрезентации. Еднаква застапеност на жената во спортот во сите органи на управување, финансирање на проекти на националните спортски федерации за поддршка на учеството на жената во спортот, како во тренажниот процес, рекреативните активности, така и во насока на нејзино зголемено учество како тренер, судија или како креатор на работата на органите и телата во клубовите, федерациите и националните асоцијации, за што се утврдени средства во износ од 3.500.000,00 денари.

7. Партиципација за финансирање на проекти за поддршка на спортот на лица со пречки во развојот и посебни потреби, за што се утврдени средства во износ од 2.500.000,00 денари.

8. Партиципација за поддршка на националните спортски федерации за набавка на опрема за екипи, репрезентации и поединци за учество на европски и регионални првенства, за што се утврдени средства во износ од 3.000.000,00 денари.

I–б Раздел 161.01–Агенција за млади и спорт

Програма 2

Потпрограма 20–спорт

Ставка 464–Разни трансфери

| Реден број | Опис | Износ во денари |
|---|---|---|
| 1. | Партиципација за финансирање програми за поддршка на талентирани млади спортисти и поддршка на програмските активности за рана спортска специјализација | 10.260.000,00 |
| | **Вкупно:** | **10.260.000,00** |

1. Партиципација за финансирање програми за поддршка на талентирани млади спортисти и поддршка на програмските активности за рана спортска специјализација. Средствата се наменети за партиципација за поддршка и промоција на проекти на националните спортски федерации за унапредување на спортот кои ќе промовираат и реализираат активности за откривање, рана спортска специјализација и грижа за млади талентирани спортисти во повеќе спортови. Во 2021 година, приоритет имаат развојот на училишниот спорт, реализацијата на спортски кампови организирани за талентирани млади спортисти од страна на националните спортски федерации, за што се утврдени средства во износ од 10.260.000,00денари.

II. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-12657/1-20
19 јануари 2021 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**246.**

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија” бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19 и 244/19) и член 43 став 3 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 307/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 19 јануари 2021 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА РАЗВОЈ НА СПОРТ И МЛАДИ ЗА 2021 ГОДИНА

I. Со планираните средства во оваа програма ќе се реализираат приоритетни активности со кои се остварува јавниот интерес на државата утврдени во член 22 став 2 од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија” бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19 и 244/19), при што определба е одржување на националниот систем на натпревари и учество на националните тимови и спортистите поединци во рамки на меѓународните натпревари, одржување меѓународни спортски натпревари и манифестации во Република Северна Македонија, научна поддршка на спортот и реализација на проекти од областа на спортот.

Согласно утврдените средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, во раздел 161.01–Агенцијата за млади и спорт се определува истите да се користат за:

I. Програма 4, Потпрограма 40–Меѓународна програма, ставка 463–Трансфер до невладини организации за кои се утврдени средства во износ од 24.800.000,00 денари.

I. Раздел 161.01 - Агенција за млади и спорт
Програма 4
Потпрограма 40 - Меѓународна програма
Ставка 463 - Трансфер до невладини организации

| Реден бр. | Опис | Износ во денари |
|---|---|---|
| 1. | Партиципација за финансирање на меѓународни програми на националните спортски федерации | 16.000.000,00 |
| 2. | Партиципација за финансирање на традиционални меѓународни спортски натпревари и манифестации | 3.700.000,00 |
| 3. | Партиципација за подготовки на спортисти од Република Северна Македонија за учество на Летните Олимписки Игри – Токио 2021 | 3.100.000,00 |
| 4. | Партиципација за организација на европски и светски првенства во Република Северна Македонија | 2.000.000,00 |
| **Вкупно:** | | **24.800.000,00** |

1. Партиципација за финансирање на меѓународни програми на националните спортски федерации. Планирана е партиципација во реализацијата на програмите на националните спортски федерации за учество во меѓународниот систем на натпревари. Во 2021 година, наши спортисти, национални тимови и спортски клубови ќе настапат во рамки на регионални првенства, европски и светски првенства, купови, отворени првенства и друг вид меѓународни натпревари, за што се утврдени средства во износ од 16.000.000,00 денари.

2. Партиципација за финансирање на традиционални меѓународни спортски натпревари и манифестации. Планирана е партиципација за реализација на програмите на националните спортски федерации за организација на традиционални меѓународни спортски натпревари и манифестации. Во Република Северна Македонија се одржуваат поголем број традиционални спортски натпреварии и манифестации во повеќе спортови. Некои од нив се дел од Календарите за натпревари на меѓународните спортски асоцијации, со што се валоризира и нивната вредност и значење, за што се утврдени средства во износ од 3.700.000,00 денари.

3. Партиципација за подготовки на спортисти од Република Северна Македонија за учество на Летните Олимписки Игри–Токио 2021. Планирана е партиципација за реализација на програмите на националните спортски федерации за учество и подготовки на евидентните кандидати за учество на Летните Олимписки Игри – Токио 2021, за што се утврдени средства во износ од 3.100.000,00 денари.

4. Партиципација за организација на европски и светски првенства во Република Северна Македонија. Планирана е партиципација за реализација на програмите на националните спортски федерации за организација на европски и светски првенства во Република Северна Македонија, за што се утврдени средства во износ од 2.000.000,00 денари.

II. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-12658/1-20 | Претседател на Владата |
| 19 јануари 2021 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

---

**247.**

Врз основа на член 172 став (4) од Законот за животната средина („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 19 јануари 2021 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ИНВЕСТИРАЊЕ ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ЗА 2021 ГОДИНА

I

Со оваа програма се утврдува намената и се доделуваат средства за финансирање, кофинансирање и реализирање на програми, проекти и други активности од областа на животната средина за 2021 година.

II

Средствата за реализирање на оваа програма се обезбедуваат од надоместоците утврдени со член 162 од Законот за животната средина, во износ од 98.000.000,00 денари.

Дел од средствата од став 1 на овој дел ќе се доделуваат врз основа на Јавен конкурс којшто го објавува и спроведува Министерството за животна средина и просторно планирање, согласно Законот за животната средина, со склучување на договори за доделување на средства. Доделувањето на средствата ќе биде врз основа на дефинирани критериуми кои ќе го земат во предвид и критериумот за рамномерен регионален развој, согласно степенот на развиеност на планските региони во Република Северна Македонија, утврдени во Јавниот конкурс.

Дел од средствата од став 1 на овој дел ќе се наменат за поддршка на мерки и активности за намалување на загадувањето на воздухот и за мерки за заштита и унапредување на природата, со спроведување на постапка за јавна набавка.

III

За начинот и динамиката на реализирање на оваа програма ќе се грижи Министерството за животна средина и просторно планирање.

IV

Средствата од дел II став 1 на оваа програма се распоредуваат за следните намени:

1. Изработка на техничка документација и изградба на канализациони системи и системи за одведување и пречистување на отпадни води во износ од 45.000.000,00 денари;
2. Реализирање на проекти и активности за заштита на природата и биолошката разновидност во износ од 5.000.000,00 денари;
3. Реализирање на проекти и активности за подигање на јавната свест, едукација и обука во областа на животната средина во износ од 8.000.000,00 денари;
4. Поттикнување на образовни, истражувачки и развојни студии, програми и проекти за заштита и унапредување на животната средина и природата во износ од 7.000.000,00 денари;
5. Поддршка на мерки и активности за намалување на загадувањето на воздухот во Република Северна Македонија во износ од 5.000.000,00 денари;
6. Поддршка на мерки и активности за спроведување на мерки за заштита и унапредување на природата во висина од 1.000.000,00 денари;
7. Реализација на проекти и активности одобрени согласно Програмите за инвестирање за2019 и 2020 година во износ од 25.000.000,00 денари и
8. Трошоци за спроведување на програмата во износ од 2.000.000,00 денари.

V

(1) Средствата од дел II став 1 на оваа програма врз основа на поднесено и одобрено барање можат да се користат од следните субјекти:

1) Општини или здруженија на општини, општините во градот Скопје и Градот Скопје за намени од дел IV точка 1 на оваа програма;

2) Правни и физички лица, непрофитни и невладини организации, научни и образовни институции за намени од дел IV точки 2, 3 и 4 на оваа програма.

(2) Средствата од дел IV точки 5 и 6 на оваа програма ќе се реализираат со спроведување на постапка за јавна набавка.

(3) Средствата од дел IV точка 7 на оваа програма ќе се реализираат согласно Договорите за доделување на средства од Програмите за инвестирање во животната средина за 2019 и 2020 година.

(4) Средствата од дел IV точка 8 на оваа програма ќе се реализираат за исплата на трошоци за стоки и услуги за спроведување на оваа програма.

VI

Со средствата од оваа програма можат да бидат финансирани сите видови на трошоци за реализација на програми, проекти и други активности од областа на животната средина, освен за:

1) Закуп на земјиште;
2) Закуп на постојни згради;
3) Трошоци направени пред 1 јануари 2021 год.
4) Трошоци направени за да се покријат платите на вработените кои работат кај корисникот на средствата;
5) Трошоци за подготовка на Формуларот за аплицирање за добивање средства од Програмата;
6) Општи и административни трошоци на апликантот;
7) Камати на долгови, надоместоци за финансиски операции, и останати чисто финансиски трошоци;
8) Законските обврски, казни и пенали и
9) Трошоци за функционирање на проектот по неговата изведба, а кои не се поврзани со обуката на персоналот или пробното тестирање.

VII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-12705/1-20
19 јануари 2021 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**248.**

Врз основа на член 37 став (1) од Законот за задолжителни нафтени резерви („Службен весник на Република Македонија“ бр. 144/14, 178/14, 199/15, 197/17 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 19 јануари 2021 година, донесе

## П Л А Н
## ЗА ИНТЕРВЕНЦИЈА ВО СЛУЧАЈ НА ВОНРЕДНО ПОРЕМЕТУВАЊЕ НА СНАБДУВАЊЕТО НА ПАЗАРОТ СО СУРОВА НАФТА И/ИЛИ НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ

### Општи одредби

Член 1

Со овој план се пропишува постапката, критериумите и условите за утврдување на настанување на вонредно пореметување на снабдувањето на домашниот пазар со сурова нафта и/или нафтени деривати и прогласување на нафтена кризна состојба, надлежност и одговорност за постапување во случај на пореметување на снабдувањето, мерките што се преземаат во случај на нафтена кризна состојба, правата и обврските на носителите на една или повеќе лиценци за вршење на енергетските дејности за трговија и/или преработка и/или транспорт на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт, други постапки за нормализација на снабдувањето на пазарот, како и мерки кои вклучуваат намалување на потрошувачката на нафтени деривати во услови на настанато вонредно пореметување на снабдувањето на домашниот пазар или на нафтена кризна состојба.

### Постапка за утврдување на настанување на вонредно пореметување на снабдувањето на домашниот пазар со сурова нафта и/или нафтени деривати

Член 2

(1) При постоење на индиции за настанување на вонредно пореметување на снабдувањето на пазарот на сурова нафта и/или нафтени деривати во Република Северна Македонија, министерот надлежен за работите од областа на енергетиката иницира средба со Советодавната комисија.

(2) Советодавната комисија го анализира и проценува снабдувањето на домашниот пазар со сурова нафта и/или нафтени деривати и ги врши работите утврдени во член 38 став (5) во Законот за задолжителни нафтени резерви и за тоа ја информира Владата на Република Северна Македонија.

(3) Советодавната комисија иницира предлог за донесување на одлука за настанато вонредно пореметување во снабдувањето на пазарот со сурова нафта и нафтени деривати и прогласување на нафтена кризна состојба согласно критериумите утврдени во член 3 од овој план.

**Критериуми и услови за утврдување на настанување на вонредно пореметување на снабдувањето на домашниот пазар со сурова нафта и/или нафтени деривати и прогласување на нафтена кризна состојба**

Член 3

Настанување на вонредно пореметување на снабдувањето на домашниот пазар со сурова нафта и/или нафтени деривати се утврдува врз основа на најмалку еден од следните критериуми:

- проблеми со снабдувањето на нафтени деривати во одредени региони или на целата територија на Република Северна Македонија и/или
- проблеми со снабдување на домашниот пазар (производство и увоз) на сурова нафта и/или нафтени деривати.

Член 4

Услов за настанување на вонредно пореметување на снабдувањето на домашниот пазар со сурова нафта и/или нафтени деривати и прогласување на нафтена кризна состојба е ако се оцени дека пореметувањето во снабдувањето ќе ја погоди Република Северна Македонија (целата територија или одредени делови) повеќе од 5% од просечните дневни нето увози.

**Надлежност и одговорност за постапување во случај на пореметување на снабдувањето**

Член 5

(1) Советодавната комисија во случај на настанување на проблеми во снабдувањето на нафтени деривати во Република Северна Македонија, континуирано го следи, анализира и проценува снабдувањето со нафтени деривати и за тоа ја информира Владата на Република Северна Македонија.

(2) Македонската агенција за задолжителни нафтени резерви -МАКОРА, во услови на нафтена кризна состојба секојдневно ја известува Советодавната комисија за видот и количините на задолжителни резерви.

(3) Советодавната комисија предлага до Владата на Република Северна Македонија количина и вид на нафтените деривати од задолжителните резерви кои Македонската агенција за задолжителни нафтени резерви - МАКОРА треба да ги пушта во промет на територијата на Република Северна Македонија.

(4) Советодавната комисија предлага до Владата на Република Северна Македонија постапка и рокови за пуштање во продажба на задолжителните резерви.

(5) Советодавната комисија во соработка со Центарот за управување со кризи и Министерството за внатрешни работи вршат приоритизација на крајните корисници кои ќе бидат изземени од мерките што се превземаат во случај на нафтена кризана состојба.

**Мерки што се превземаат во случај на нафтена кризна состојба**

Член 6

Мерките што се превземаат во случај на нафтена кризна состојба се однесуваат на:

- пуштање на дел од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на домашниот пазар и/или
- воведување на мерки за смалување на потрошувачката на нафтени деривати.

Член 7

Во случај на недостиг поголем од 5% до 10% со снабдувањето на домашниот пазар со сурова нафта и/или нафтени деривати се воведуваат следните мерки:

а) Сеопфатна промотивна кампања за граѓаните за промена на однесувањето што води кон заштеди на горивата во транспортот (еко-возење), која ќе вклучува совети за:

- порано менување во поголема брзина,
- одржување на рамномерна брзина, предвидување на сообраќајните текови,
- умерено успорување/забрзување,
- гасење на моторот при кратки застанувања,
- намалување на масата на возилото,
- не нарушување на аеродинамиката на возилата,
- правилно напумпани гуми,
- користење на нисковискозни моторни масла.

б) Сеопфатна промотивна граѓанска кампања за:

- групно користење на возило,
- работење од дома за лица и фирми кои можат работните обврски да ги извршуваат без да бидат присутни на работното место,
- промотивно употреба на велосипед,
- збиена работна недела, односно работење четири дена во неделата со продолжено работно време и др. и

в) Ограничување на максималната брзината до 90 км/час на сите патишта за сите возила како и ограничувања на брзините во населените места и градовите, која мерка ќе се спроведува од страна на Министерството за внатрешни работи.

Член 8

(1) Во случај на недостиг поголем од 10% до 15% со снабдувањето на домашниот пазар со сурова нафта и/или нафтени деривати, покрај мерките предвидени во членот 7 од овој план се воведуваат дополнителни мерки за заштеди во потрошувачката на нафтени деривати, вклучувајќи и воведување на забрана за возење за патнички автомобили, во еден од 10 дена, според последната цифра на регистарската табличка.

(2) Календар со информации за тоа за кои броеви важи забраната за возење, ќе биде достапен во полициските станици и ќе биде објавуван на дневна основа преку медиумите од страна на Министерството за внатрешни работи.

Член 9

(1) Во случај на недостиг поголем од 15% со снабдувањето на домашниот пазар со сурова нафта и/или нафтени деривати, покрај мерките предвидени во членовите 7 и 8 од овој план, се воведува забрана за возење за патнички автомобили, во еден од два дена, според последната цифра на регистерската таблички во зависност дали е парна или непарна.

(2) Парните броеви ќе може да возат во парните денови од месецот, додека непарните броеви ќе може да возат во непарните денови од месецот.

(3) Календар со информации за тоа за кои броеви важи забраната за возење ќе биде достапен во полициските станици и ќе биде објавуван на дневна основа преку медиумите од страна на Министерството за внатрешни работи.

Член 10

Покрај мерките од членовите 7, 8 и 9 од овој план, може да се комбинираат одредени мерки, а по потреба и да се зајакнат мерките, доколку состојбата се влоши, може да се донесе одлука за ограничување на работното време на бензинските станици, ограничување на количините за продажба на нафтени деривати на потрошувачите, како и други постапки за нормализација на снабдувањето на пазарот.

Член 11

Очекуван ефект на смалување на потрошувачката на нафтени деривати во зависност од мерката која се применува:

| мерка | % на намалување на потрошувачката на горивата за транспорт | % на намалување на потрошувачката на сите нафтени деривати |
|---|---|---|
| кампањата за еко-возење | 3,0 | 1,7 |
| групно користење на возило и збиена работна недела | 1,1 | 0,6 |
| ограничување на максималната брзина до 90 км/час | 2,7 | 1,5 |
| забраната за возење во еден од 10 дена | 2,7 | 1,5 |
| забраната за возење во парни/непарни денови | 18,3 | 10,1 |

**Правата и обврските на носителите на една или повеќе лиценци за вршење на енергетските дејности за трговија и/или преработка и/или транспорт на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт**

Член 12

(1) Во услови на нафтена кризна состојба, носителите на една или повеќе лиценци за вршење на енергетските дејности за трговија и/или преработка и/или транспорт на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт, односно потрошувачите на нафтени деривати од секторот индустрија, треба да соработуваат со Советодавната комисија.

(2) Во услови на нафтена кризна состојба, носителите на една или повеќе лиценци за вршење на енергетските дејности за трговија и/или преработка и/или транспорт на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт, до Советодавната комисија, секој ден најдоцна до 10 часот во тековниот ден, известуваат за состојбата на сопствените залихи, залихите на нафтени деривати кои ги чуваат за други правни лица и за Македонската агенција за задолжителни нафтени резерви - МАКОРА, како и за планираниот увоз, извоз и продажба на нафтени деривати.

(3) Покрај податоците од ставот (2) од овој член, по барање од страна на Советодавната комисија субјектите од ставот (1) на овој член треба да доставуваат и други податоци неопходни за справување со кризата.

(4) Носителите на една или повеќе лиценци за вршење на енергетските дејности, имаат право на заштита на податоците кои ги доставуваат до Советодавната комисија.

**Ефект од времетраењето на кризните мерки**

Член 13

Ефектот на кризните мерки и случувањата во снабдувањето со нафтени деривати се следат од страна на министерството надлежно за работите од областа на енергетиката и Советодавната комисија.

**Завршни одредби**

Член 14

Овој план влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-12237/1-20
19 јануари 2021 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

# ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**249.**

Врз основа на член 9 и член 56 став 1 точка 14 од Законот за здравственото осигурување Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016, 120/2016, 142/2016 и 171/2017 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/2019) и член 114 став 2 од Правилникот за содржината и начинот на остварување на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 18/2015, 64/2015, 96/2015, 125/2015, 191/2015, 187/2016, 146/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 44/2019, 198/2019, 63/2020, 202/2020 и 303/2020), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија на седницата одржана на 30 декември 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОБРАСЦИТЕ ПРЕДВИДЕНИ ВО ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА И ОБВРСКИТЕ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНОТО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ**

Член 1

Во Одлуката за утврдување на обрасците предвидени во Правилникот за содржината и начинот на остварување на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 133/2011, 5/12, 29/12, 79/12, 57/2013, 64/2013, 88/2013, 105/2013, 119/2013, 138/2013, 165/2013, 34/2014, 138/2014, 141/2014, 11/2015 76/2015, 96/2015 и 200/2018, и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 44/2019, 70/2019, 83/2020 и 303/2020), во членот 1 се додаваат два нови обрасци и тоа:

- Барање надоместок на плата поради влошување на хронично заболување (во услови на пандемија со COVID-19)(образец-Н6) и
- Барање надоместок на плата поради малигна болест (во услови на пандемија со COVID-19) (образец-Н7).

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр.02-51/21
5 јануари 2021 година

Претседател на
Управен одбор
**Дејан Николовски**,с.р

Образец на барање **Н6**

# БАРАЊЕ

## за надоместок на плата поради влошување на хронично заболување (во услови на пандемија со COVID-19)

1.Од осигуреникот ___________________________________ од населено место ______________ул.___________________________________бр.____телефон______________ ___ и e-mail адреса _____________________________.

| | |
|---|---|
| Број на здравствена легитимација | ☐☐☐ - ☐☐☐☐☐☐☐ - ☐☐ |
| ЕМБГ на осигуреникот<br>(или) Единствен здравствен број на осигуреникот | ☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐<br>☐☐☐☐☐☐☐☐☐ |
| Вработен во | |
| Број на трансакциска сметка | ☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐ |

2.Од овластено лице _______________________ со e-mail адреса _____________________________

| | |
|---|---|
| Единствен здравствен број на овластеното лице | ☐☐☐☐☐☐☐☐☐ |
| Назив на фирмата | |

Барам Фондот за здравствено осигурување на Македонија – Подрачна служба ___________________, врз основа на приложената документација кон барањето со решение да ми/му утврди право на користење надоместок на плата за време ва привремена спреченост за работа поради _____________________________________________.

**Кон барањето ја приложувам следната документација** *(се заокружува)*:

1. Извештај за привремена спреченост за работа- образец - ИСР од избран лекар;
2. Наод оценка и мислење од лекарската комисија;
3. Изјава заверена на нотар за трансакциските сметки на правното лице и копија од изводи за промет и состојба на трансакциските сметки (само за правно лице со еден вработен);
4. Доказ за трансакциска сметка на подносителот на барањето

Со пополнување на ова барање се согласувам моите лични податоци и податоците за членовите на моето семејство да се користат за остварување на права од здравствено осигурување и користење на здравствена заштита и истите да се користат согласно прописите на Законот за заштита на личните податоци

Место и датум на поднесување: ______________________________

Подносител на барањето: ______________________________

Образец на барање **Н7**

# БАРАЊЕ

## за надоместок на плата поради малигна болест (во услови на пандемија со COVID-19)

1.Од осигуреникот ____________________________________ од населено место ______________ул.__________________________________бр._____телефон_______________ ___ и e-mail адреса _____________________________.

| | |
|---|---|
| Број на здравствена легитимација | _ _ _ - _ _ _ _ _ _ _ - _ _ |
| ЕМБГ на осигуреникот (или) Единствен здравствен број на осигуреникот | |
| Вработен во | |
| Број на трансакциска сметка | |

2.Од овластено лице _______________________ со e-mail адреса _____________________________

| | |
|---|---|
| Единствен здравствен број на овластеното лице | |
| Назив на фирмата | |

Барам Фондот за здравствено осигурување на Македонија – Подрачна служба ___________________, врз основа на приложената документација кон барањето со решение да ми/му утврди право на користење надоместок на плата за време ва привремена спреченост за работа поради ____________________________________________.

**Кон барањето ја приложувам следната документација** *(се заокружува)*:

1. Извештај за привремена спреченост за работа- образец - ИСР од избран лекар;
2. Наод оценка и мислење од лекарската комисија;
3. Изјава заверена на нотар за трансакциските сметки на правното лице и копија од изводи за промет и состојба на трансакциските сметки (само за правно лице со еден вработен);
4. Доказ за трансакциска сметка на подносителот на барањето

Со пополнување на ова барање се согласувам моите лични податоци и податоците за членовите на моето семејство да се користат за остварување на права од здравствено осигурување и користење на здравствена заштита и истите да се користат согласно прописите на Законот за заштита на личните податоци

Место и датум на поднесување: ______________________________

Подносител на барањето: ______________________________

## СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ НА МАКЕДОНИЈА

**250.**

Врз основа на член 116 став 2 и 3 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување („Сл весник на РМ“ бр 98/2012 .....275/2019 година), и член 4 од Правилникот за работа на Одборот на Регистрираната организација за солидарен фонд и членарина бр 03-06/420 од 4.7.2014 година, Одборот на седницата одржана на 20.01.2021 година донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ВИСИНАТА НА ЗАДРШКАТА ЗА СОЛИДАРЕН ФОНД – ПОСМРТНА ПОМОШ, ЧЛЕНАРИНА И ВИСИНАТА НА ИСПЛАТАТА НА ПОСМРТНА ПОМОШ**

Член 1

Висината на задршката за солидарен фонд – посмртна помош, изнесува 130,00 денари за период од 1 јануари до 31 октомври 2021 година, заради зголемен број на починати корисници на пензија.

Член 2

Висината на исплатата на посмртна помош што се исплатува на членовите на семејствата на починат пензионер, изнесува 30.000 денари.

Член 3

За членување во здружение на пензионери (членарина) висината на членарината изнесува 30,00 денари.

Член 4

Со ова одлука престанува да важи Одлуката за висината на задршката за солидарен фонд – посмртна помош, членарина и висината на исплатата на посмртната помош („Сл весник на РМ“ бр 56/2017).

Член 5

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари до 31 октомври 2021 година.

Бр. 03-02/9-3
15 јануари 2021 година
Скопје

Одбор на Регистрирана организација за солидарен фонд и членарина
Претседател,
**Ментор Коку,** с.р.

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје**
**бул. „Партизански одреди” бр. 29, Поштенски фах 51.**
**в. д. директор и одговорен уредник – м-р Татијана Лалчевска**
**телефон: +389-2-55 12 400**
**телефакс: +389-2-55 12 401**

**Претплатата за 2021 година изнесува 12.200,00 денари.**
**„Службен весник на Република Северна Македонија‟ излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.**
**Печат: Печатница НАПРЕДОК ДООЕЛ Тетово.**

**ISSN 0354-1622**